**Ресурска основа за развој на планинскиот туризам во Република С. Македонија**

**Вовед**

Докторската дисертација насловена како „Ресурска основа за развој на планински туризам во Република С. Македонија" го прикажува развојот на туризмот во планиските предели. Нашата држава се смета како планинска земја бидејќи над 80 % од територијата ја сочинуваат плнините со високи врвови, клисури и кањони, пештери, богата флора и фауна, езера, извори, реки и водопади, културно-истриски споменици, музеи, археолошки локалитети. Богата е и со настани и манифестации, традиционални занаети и традиционална кујна, фолклорни наследства и обичаи.

Трудот е поделен на пет дела.

Во *првиот дел* се прикажуваат туристичките вредности на планините како што се природните планински ресурси со геоморфолошки вредністи, хидрографски вредности, биогеографски вредности и климатски вредности, антропогените вредности со културно-историски и туристички вредности и етнографски туристички вредности, просторно-географските вредности на планините со туристичко-географска положба на планините, положба спрема туристички емитивни простори и положба спрема главните туристички правци.

Во *вториот дел* се прикажани планините како туристички дестинации каде се дефинираат туристичките дестинации, се прикажуваат основните елементи и карактеристики како и организациските карктеристики на планинските дестинации, се прикажува туристичката опременост и уреденост, туристичките производи и се прави анализа на развојните модели за планинските дестинации како што се примена на SGDM- моделот, ФАС-моделот и SDM-моделот и можноста за примена на развојните модели во македонските планински туристички места.

Во *третиот дел* на овој труд прикажан е планинскиот туризам како мотивска атрактивност со содржина на активностите и поврзаност на планините и туризмот. Прикажана е двојната природа на планинскиот туризам, структурните промени и развојните каркатеристики на планинскиот туризам во земјата. Во овј дел е прикажано и емпириското истражување које е спорведено со интервју во 8-те региони, состојбата на ресурсите за развој на планински туризам во Република С. Македонија.

Во *четвртиот дел* е прикжана состојбата, временските трендови и перспективи за развојот на планинскит туризам преку промени во структурата на туристичката понуда

на посетителите, репозиционирање на летниот и зимскиот туризам и подмладување на палнинските центри, истражување на добри практики и перспективи за развој на планинскиот туризам во Република С.Македонија.

Во *петиот дел* на трудот се дадени завршните согледувања и препораки.

Во текот на истражувањето користена е стручна литература и интернет-извори од областа на туризмот, искористени се мислењата, коментарите и забелешките од претходните истражувања во областа на планинскиот туризам.

## 1. Предмет и цели на истражување

Планинскиот туризам претставува значајна основа за збогатување на туристичката понуда во Република С.Македонија и искористување на планинските потенцијали. Овој туризам влијае врз развојот на туризмот на нашата држава, а наедно и врз економскиот развој. Сепак, ресурсните потенцијали за развој на планинскиот туризам не се доволно искористени, а за тоа потврдува и фактот дека планинските места учествуваат само со 6 % во апсорпцијата на бројот на туристи и реализираните ноќевања. Затоа, како предмет на научен интерес на оваа докторска дисертација ќе биде истражувањето на ресурската основа за планински туризам во Република С.Македонија преку согледување на состојбите во овој сегмент на туризмот во нашата држава. Истражувањето во оваа докторска дисертација опфаќа проблематика која е парцијално истражувана само за неколку планински места, а не и на ниво на целата држава. Проблемот го опфаќа истражувањето на туристичките вредности на планините како валоризациска основа за планинскиот туризам преку анализа на ресурсите. Притоа, се проучуваат развојните карактеристики на планинскиот туризам и се оценуваат потенцијалите во осумте плански региони. Еден од поважните проблеми со кои се соочува развојот на планинскиот туризам во Македонија претставува организираноста на планинските туристички места и нивно функционирање како дестинација. Утврдувањето на состојбите, трендовите и перспективите за развој на планинскиот туризам во Македонија се дефинираната рамка на истражување на проблемот на што треба соодветно да се одговори на предизвиците кои ги носат современите туристички текови.

Изработката на оваа докторска дисертација претставува предизвик за истражување на една современа и недоволно истражена проблематика. Со тоа, добиените резултати ќе ја збогатат туристичката теорија и истите ќе најдат практична примена и со нив ќе се придонесе во дефинирањето на ресурсите кои се значајни за развојот на планинскиот туризам во нашата земја.

## 2. Работни хипотези

Планинскиот туризам има важна улога во креирање на комплексната туристичка понуда на Македонија преку презентирање на планинските туристички вредности на посетителите. Неговата поголема застапеност во понудата придонесува кон подобрен квалитет на креирање на интегриран туристички производ на дестинациите. Основната претпоставка е дека потенцијалите за планинскит туризам не се доволно искористени и дека постојат услови за развој на овој туризам во Македонија. Затоа, при изработката на овој докторски труд се поаѓа од следниве хипотези:

1. X1 – Планинскиот туризам игра значајна улога во развојот на туризмот во Република С.Македонија.
2. X2 – Регионалните потенцијали за развој на планинскиот туризам претставуваат ресурска основа за креирање конкурентни туристички производи.
3. X3 – Атрактивноста на планинските дестинации зависи од соодветната организациска поставеност.
4. X4 – Приспособувањето на туристичката понуда кон современите трендови претставува основа за перспективен развој на планинскиот туризам во Република С.Македонија.

## 3. Методологија на истражување

Од методолошки аспект, докторската дисертација насловена како **„Ресурска основа за развој на планинскиот туризам во Република С.Македонија"** претставува целина составена од неколку делови во истражувањето опфаќајќи го следното:

формулирање на проблемот, предметот, целите и поставените хипотези на истражувањето, дескриптивен дел со теоретско и емпириско истражување, заклучни разгледувања и препораки.

Методот на опсервација или набљудување ќе се примени во повеќето сегменти од истражувањата што се потребни за изработка на докторската дисертација. Истражувачкиот пристап ќе ги опфати стандардните методи, како што се анализата и синтезата, како и методите кои можат да ни ги отсликаат специфичностите од аспект на развојните карактеристики на планинскиот туризам, организацискиот пристап, примената на компаративиот метод и систематскиот пристап во анализа и интерпретација на материјата. Анализата преку ФАС-моделот е во функција на идентификување на туристичките потенцијали на планинските дестинации со што ќе придонесе во запознавањето, истакнувањето и искористувањето на најзначајните фактори, атрактори, поддршката во давање на туристички услуги на планините во насока на развој на планинскиот туризам во Македонија. Во овој труд ќе се објасни значењето на моделот за оценување на потенцијалите на туристичката дестинација составен од три елементи: фактори (ресурси), атрактори (туристичка понуда) и услужни системи (или системи за поддржување). ФАС-моделот може да се примени како алатка која придонесува во процесот на стратегиско позиционирање на туристичката дестинација и во постигнувањето на поголема конкурентност и одржливост во функција на развој на туризмот. Овој модел е создаден во контекст на направеното истражување од страна на европската Еурека како тестиран и успешно спроведен проект во неколку туристички дестинации. Примената на SGDM (Saint Galen destination management model), Сент Гален-модел за дестинациски менаџмент е земена предвид при разгледување на можностите за развој на планинскиот туризам низ призма на согледување на аспектите на планирање, развој и управување со дестинациите. Овој модел е веќе промовиран во Македонија и има потенцијал за примена во планинските места кои регистрираат одредено ниво на туристичка активност. SDM-моделот за одржлив развој, како универзален модел, посебно е применлив во планинските дестинации затоа што овие простори по својата природа ја наметнуваат потребата да се размислува за нивниот развој на одржлив начин. Моделот за одржлив развој на планискиот туризам и дестинациите треба безусловно да се применува од страна на сите креатори и носители на туристички активности, услуги, поддршка и понуда.

## 4. Очекувани резултати

Добиените резултати од истражувањето во оваа докторска дисертација треба да ги потврдат или побијат претходно дефинираните претпоставки дека планинскиот туризам е важен фактор за развој на туризмот во Македонија преку обезбедување на квалитетна и комплексна туристичка понуда на планинските дестинации. За оваа цел се истражува комплексно суштината на планинскиот туризам и секако степенот на развој на овој вид туризам кој е од исклучителна важност за развојот на туризмот во Македонија воопшто.

Од истражувањето се очекува преку собраните податоци да се дојде до информации кои ќе детектираат недостатоци во креирањето на планинскиот дестинациски производ. Со ова ќе се дадат насоки за нивно отстранување во обид да се создаде квалитетен производ кој ќе претставува гаранција за одржлив туристички развој во нашата земја, по региони и во целост. Имено, добиените резултати од изработката на оваа докторска дисертација ќе придонесат во насока на развој на научната мисла во областа на туризмот, практичната применливост, и употреба на истите за други академски потреби.